ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-152/7**

**Дата: 16.10.2009**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ„**
**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршена ревизија на финансиските извештаи на Универзитет „Св.Кирил и Методиј„ , Архитектонски факултет Скопје- Сметка на буџет од самофинансирачки активности за 2008 година, кои се прикажани на страните 6, 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија , ниту сме издале каков било извештај за финансиските извештаи на Универзитет „Св.Кирил и Методиј„, Архитектонски факултет Скопје - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   – Проф.д-р Влатко Коробар, декан од 01.10.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 15.06.2009-17.07.2009 година и од 17.08-28.08.2009 година од страна на тим.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. Со Правилникот за основите и мерилата за стекнување и распоредување на доходот и чистиот доход, распределбата на личните доходи и заедничката потрошувачка и други лични примања на ООЗТ Архитектонски факултет утврден е минималниот фонд на часови предавања/вежби за наставничкиот и соработничкиот кадар над кој се врши исплата на варијабилен надоместок по основ на зголемена ангажираност. Спротивно на Правилникот зголемениот фонд на часови над утврдениот норматив со Правилникот не се проектира на годишно ниво туку на ниво на семестар. Ваквиот начин на следење на фактичката ангажираност на наставничкиот/соработничкиот кадар остава простор за необјективно вреднување на трудот на наставниците/соработниците односно потценување на трудот на оние кои што се ангажирани во двата семестра во однос на наставниците кои што се ангажирани едно семестрално.

10.1.2. Спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници на Архитектонскиот факултет не е воспоставен систем на редовна внатрешна сметководствена контрола која ќе обезбеди уверување дека сите трансакции се извршени во согласност со законските прописи и дека истите се засноваат на соодветна сметководствена документација. Постои недостиг на контроли и разграничување на должностите и одговорностите од аспект на одобрување, извршување и евидентирање на трансакциите. Водењето на сметководството е доверено на лице ангажирано по договор на дело поради необезбедени средства од Буџетот на РМ за вработување нови работници.

**Препораки**

1. Следењето на фактичката ангажираност на наставниот и соработничкиот кадар да се врши на годишно ниво и соодветно да се исплатува варијабилниот надоместок.
2. Раководните лица на Архитектонскиот факултет да воспостават ситем на редовна внатрешна сметководствена контрола со кој што ќе се обезбеди проверка, потврдување и комплетирање на сметководствените документи пред нивното одобрување за исплата.

## 10.2. Неправилности во искажување на приходите/расходите

10.2.1. Архитектонски факултет не го почитувал Усогласениот ценовник за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на високообразовните установи усвоен од Советот за развој и финансирање на високото образование од 8.11.2004 година, а кој што согласно Законот за високото образование ги утврдува мерилата и критериумите за кофинансирање на студиите и другите партиципации на студентите на државните и приватните високообразовни установи. Утврдени се разлики како во основот/видот на надоместокот така и во поглед на висината на надоместоците што ги наплатува Факултетот, а утврдени со Одлука од 16.01.2004 година и тоа по следните основи:

| **Ред број** | **Вид на образовна / административна услуга** | **Усогласен ценовник** | **Одлука за висината на надоместоците од Архитектонски факултет** |
|---|---|---|---|
| 1 | Уверие/потврда | - | 100 |
| 2 | Уверение за положени испити | - | 300 |
| 3 | Пријавување на испит после рокот | 400 | 500 |
| 4 | Запишување/заверка на семестар/година после рокот | 500 | |
| | *до 15 дена* | | 1000 |
| | *над 15 дена* | | 3400 |
| 5 | Запишување на апсолвент по втор и повеќе пати | 1000 | |
| | *за втор пат* | | 1000 |
| | *по трет пат* | | 3400 |
| 6 | Пријавување и оценување на дипломска работа | - | 600 |
| 7. | За студии во мирување | - | 1000 |
| 8 | Повторно слушање на предмети-по предмет | - | 1000 |
| 9 | Материјални трошоци за образовен процес( солидарна штета, книжен фонд, трошоци за компјутерски центар) при заверка на семестар | - | |
| | *за бруцоши* | | 600 |
| | *за останати* | | 350 |
| 10 | Испишување од факултет | 1000 | 500 |
| 11 | Издавање на уверение за странство | - | 600 |
| 12 | Издавање дупликат индекс /продолжување | 1500 | 500 |
| 13 | Издавње наставен план и програм | - | 1500 |
| 14 | Издавње наставен план по предмет | - | 100 |
| 15 | Пријавување на испит по втор пат /трет и повеќе пати | 300 | - |
| | Пријавување на испити повеќе од | - | 300 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | трет пат и пријавување на испит-студенти кои губат право на редовни студии и студенти кои повторно запишуваат година | | |

Непочитувањето на Ценовникот има за ефект неосновано остварени приходи чиј што износ ревизијата не можеше да го квантифицира поради непостоење на детални описи за целта на дознаката во банковите изводи, а во услови на наплата на ист износ за различни услуги.

10.2.2. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази да се увери во реалноста на евидентираните расходи за патни и денвни расходи во земјата и странство во вкупен износ од 140 илјади денари поради исплати врз основа на патни налози без соодветна поткрепувачка документација и спецификација на расходите по видови. Патните налози содржат само вкупен износ на расходи кој што се исплаќа врз основа на каса исплати, но од истите не може да се утврди видот на расходот (патни, дневници, сместување и сл.) ниту да се потврди точноста на исплатените износи поради неприложената документација. Ваквото работење создава ризик од нереално и необјективно прикажување на расходите.

**Препораки**

1 Факултетската управа на Архитектонскиот факултет да обезбеди примена на Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на високообразовните установи донесен од страна на Советот за развој и финансирање на високото образование.

2 Лицето одговорно за ликвидирањето на патните налози да обезбеди спецификација на расходите по видови со прилог документација за основаноста на истите.

## 10.3. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.3.1. Позицијата Нематеријални средства од Билансот на состојба не е реално и објективно прикажана за вредноста на извршената реконструкција на градежниот објект, во износ од 1.164 илјади денари, што го користи Архитектонскиот факултет Скопје, а кој е во сопственост на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј„ Скопје. Не евидентирањето на вложувањата во туѓи основни средства за време на нивното користење, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници има за ефект нереално искажување на вредноста на објектот во сметководствената евиденција на Универзитетот.

**Препорака**

1 Деканот на Архитектонскиот факултет да обезбеди доставување на информација до Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј„ за вредноста на извршените вложувања во тековната и претходните години во градежниот објект чиј корисник е Архитектонски факултет Скопје.

## 10.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата:

10.4.1. При ревизија на јавните набавките утврдено е дека Архитектонскиот факултет не спровел постапка за јавна набавка за избор на економски опеаратор за исплата на авторски надоместоци и надоместоци на договор на дело. Сите исплати се извршени преку Македонска авторска агенција во бруто износ од 5.112 илјади денари. На овој начин не е обезбедена конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските опратори како и транспарентност во постапката, спротивно на Законот за јавни набавки.

**Препорака**

1. Факултетската управа на Архитектонскиот факултет да обезбеди спроведување на постапка за избор на најповолен економски оператор во согласност со Законот за јавни набавки

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.3.1. Билансот на состојба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Архитектонски факултет Скопје - Сметка на буџет од самофинансирачки активности, не ја претставува вистинито и објективно финансиската состојба на ден 31.Декември.2008 година. Резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.2.1 кај Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" , Архитектонски факултет Скопје - Сметка на буџет од самофинансирачки активности, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. **Обрнуваме внимание** дека интерните акти на Архитектонскиот факултет во Скопје се застарени и истите не се усогласени со Статутот на Факултетот од февруари 2002 година. Со новиот Закон за високото образование од март 2008 година, Факултетот како единица на Универзитетот, има обврска да ги донесе актите утврдени со Статутот на Универзитетот, кои треба да ги исполнуваат условите утврдени со Законот. Ревизијата е должна да укаже дека донесувањето на дел од актите на Факултетот е условено и од донесувањето на актите кои што во рамките на своите надлежности треба да ги донесе Советот. Истите се однесуваат на донесување уредба за утврдување мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи, кофинансирање и самофинансирање на сите видови студиски програми утврдени со Законот. Советот се формира во рамките на Министерството за образование и наука во рок од 3 месеци од стапувањето на сила на новиот Законот, односно до септември 2008 година. Имајќи предвид дека новиот Совет сеуште не е формиран, потребно е негово неодложно конституирање и активно вклучување кон решавање на актуелните проблеми во начинот на финансирање на високото образование.

Скопје, 14.10.2009 година

**Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 19,555 | 17,050 |
| Трансфери и донации | 3,089 | 5,875 |
| **Вкупно приходи** | **22,644** | **22,925** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 5,939 | 5,274 |
| Стоки и услуги | 8,991 | 8,421 |
| Субвенции и трансфери | 10 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **14,940** | **13,695** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1,493 | 6,212 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1,493** | **6,212** |
| **Вкупно расходи** | **16,433** | **19,907** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **6,211** | **3,018** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 6,211 | 3,088 |
| Побарувања | 1,180 | 435 |
| Побарувања од вработените | 0 | 39 |
| Побарувања од државата и други институции | 0 | 53 |
| Активни временски разграничувања | 82 | 538 |
| **Вкупно тековни средства** | **7,473** | **4,153** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 4,039 | 4,980 |
| **Вкупно постојани средства** | **4,039** | **4,980** |
| **Вкупна актива** | **11,512** | **9,133** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 80 | 38 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 502 |
| Пасивни временски разграничувања | 7,393 | 3,434 |
| **Вкупно тековни обврски** | **7,473** | **3,974** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 4,039 | 5,159 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **4,039** | **5,159** |
| **Вкупна пасива** | **11,512** | **9,133** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **5,159** | **-** | **5,159** |
| **Зголемување по основ на:** | **39** | **-** | **39** |
| Набавки | 39 | | **39** |
| **Намалување по основ на:** | **1,159** | **-** | **1,159** |
| Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на материјалните средства | 1,159 | | **1,159** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **4,039** | **-** | **4,039** |